Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 44, 16 август 2010 година

август 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 14

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области: педагогија, образование на наставници и елементарно образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 18

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент по предметите Вовед во новинарство и Новинарство во печатени и електронски медиуми на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 28

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ЕКОНОМСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2602-77/3 од 29.6.2010 година, донесена на 28. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 29.6.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на два наставника во насловно звање доцент за наставно-научното подрачје ***економски науки*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“, на 22.6.2010 год., и во предвидениот рок се пријавија кандидатките: **д-р Неда Петроска-Ангеловска, д-р Марија Ацковска и Цветанка Танева.**

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 6, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација за избор во звање насловен доцент ги предложи **д-р Неда Петроска-Ангеловска и д-р Марија Ацковска.**

Третата кандидатка, **Цветанка Танева -** дипломиран економист по бизнис администрација, согласно со Конкурост за избор во наставни и наставно-научни завања, не ги исполнува основните услови пропишани со Законот за високото образование, односно нема завршено трет циклус и не е доктор на науки. Според тоа, Рецензентската комисија, согласно со Законот, не е обврзана да изработи извештај за кандидатката Цветанка Танева.

Рецензентска комисија, врз основа на приложената документација и познавањето на кандидатката **д-р Неда Петроска-Ангеловска**, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Неда Петроска-Ангеловска е** родена на 2 мај 1974 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. Во 1997 година дипломира на Економски факултет во Скопје, отсек Деловна бизнис економија, насока Финансиско-сметководствен менаџмент.

Во декември 2001 година завршува магистерски студии. Со магистерскиот труд со наслов „*Финансиското планирање како компонента на управувачките процеси во претпријатието*“ се стекнува со академски степен ***магистер по економски науки од областа на монетарната економија***.

Во ноември 2007 година го одбранува докторскиот труд со наслов „*Готовинскиот тек и ликвидноста на претпријатијата*“ на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Од септември 1997 година се вработува на Економскиот институт во Скопје, прво како помлад асистент-истражувач на проблематиката деловни финансии. Во 2002 година е избрана во повисоко звање асистент-истражувач на проблематиката деловни финансии. Во февруари 2008 година е избрана во звањето научен соработник/доцент.

Во текот на своето работење се вклучува во работните тимови за изработка на неколку проекти. Учествува на повеќе научни собири и семинари со свои реферати и дискусии. Објавува забележителен број научни и стручни трудови.

Од светските јазици се служи со англиски јазик, а има скромни познавања од руски јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката **д-р Неда Петроска-Ангеловска** од изборот во знање асистент-истражувач до денес објавува значаен број научни трудови и статии во научни и стручни списанија или нив ги презентира на домашни и на меѓународни конференции и семинари. Исто така, учествува во изработка на научноистражувачки проекти во рамките на работната програма на Економскиот институт, но и надвор од него.

Од наставно-образовната дејност реализира наставна активност на додипломските и постдипломските студии на Економскиот институт во Скопје.

Од светските јазици го познава англискиот јазик, а скромни познавања има и од рускиот јазик.

***Изработени и објавени трудови:***

***Докторска дисертација:***

„Готовинскиот  тек и ликвидноста на претпријатијата” (2007).

***Книги:***

„Готовинскиот тек и ликвидноста на претпријатијата“.  Економски институт, Скопје, 2009.

***Статии, реферати и дискусии:***

- Обем и структура на обртните средства во стопанството на Република Македонија. Малите претпријатија во развој на стопанството на Република Македонија, Економски институт - Скопје, Скопје, 2002.
- Планирањето - значајна функција на менаџментот, Економски развој бр. 2-3 том I, Економски институт - Скопје, Скопје,  2002.
- Обртните средства како фактор на развојот на стопанските субјекти. Зборник на трудови  „Стопански и регионален економски развој, семејни бизниси и здружување”, Економски институт - Скопје, Здружение за одржлив развој - Скопје, Фондација „ Фридрих Еберт“  - Канцеларија Скопје, Скопје, 2002.
- Обем и структура на тековните средства како фактор за ликвидноста на стопанските субјекти во Република Македонија. Бизнис и економија бр. 3 (11), Економски факултет - Тирана, Тирана, 2002.
- Нето-добивката на претпријатијата не го враќа кредитот, туку парите, „Финансирање на инвестициите и на развојот во Република Македонија” (научен собир). Економски институт - Скопје и Фондација „Фридрих Еберт“ - Канцеларија Скопје, Скопје, 2003.
- Некои проблеми сврзани со конкурентноста на македонските производи, „Конкурентноста на економијата на Република Македонија” (научен собир). ЗОР, Министерство за економија, ГТЗ и Фондација „Фридрих Еберт“ - Канцеларија Скопје, Скопје 2003.
- Финансиско моделирање во претпријатијата - реферат, научен собир: „Макроекономската политика и макроекономското-микроекономското моделирање”, во организација на Економски институт - Скопје и Фондација „Фридрих Еберт“ - Канцеларија Скопје, Скопје, ноември 2003.
- Некои аспекти од инвестиционата ефикасност во стопанството на  Република Македонија. Економски развој I/II/III - 2004, Економски институт - Скопје.
- Некои аспекти на финансиската анализа во претпријатијата. Економски развој I/II/III - 2005, Економски институт - Скопје.
- Сопствен капитал и трошоци на капиталот во функција на готовинските текови. Економски развој бр.1 2008, Економски институт - Скопје.
- Managing cash flow and liquidity in Macedonian enterprises. International conference ICES  2008, Sarajevo.
- Факторингот во функција на подобрување на ликвидноста во претпријатијата од стопанството на Република Македонија, Претприемништво, иновации и конкурентност (научен собир), Економски институт, 2008.
- Enterpreneurship as a tool for local economic development. University “ Ismail Qemali” Valona, 2009.

***Научноистражувачки проекти:***

- Ефикасноста на финансискиот пазар во Република Македонија во функција на зголемување на трошковната ефикасност и репродуктивната способност на македонското стопанство, изработен за Министерството за образование и наука на Република Македонија (коавторство), 2002.
- Акциона програма за воспоставување институционална правна рамка за единствено насочување на средствата за развој на подрачјата со посебен статус во земјата, изработен за Бирото за стопански недоволно развиени подрачја - Скопје (коавторство), 2004.
- Оценка на политиката на Владата на Република Македонија за развој на малите и средните претпријатија, Економски институт - Скопје и Фондација Институт отворено општество - Скопје (коавторство), 2004.
- Унапредување на деловното опкружување, изработен за Американската агенција за меѓународен развој - УСАИД, Канцеларија Скопје (коавторство), 2005.
- Кредитирање и други алтернативни форми на финансирање, Министерството за образование и наука на Република Македонија, 2006.
- Assessment of Governmental Bodies and Agencies in their efforts to implement relevant lows procedural requirements and enforcement programs. USAID project, 2008.
- Support to IPARD preparation project , GFA Consulting Group, 2009.

***Учество на семинари и научни собири:***

- Перспективите на стопанскиот развој на Република Македонија, научен собир, Скопје, јуни 2002.
- Бизнис план - семинар во Скопје, Тетово и Охрид, април 2003, организиран од СЕЕД - Скопје и Светска банка.
- Европска интеграција: Внатрешен пазар - дводневна работилница, Маврово, организиран од Владата на Република Македонија, Институт отворено општество на Македонија и Македонски центар за европско образование, октомври 2003 година.
- Финансирање на инвестициите и на развојот во Република Македонија, научен собир, Скопје, март 2003.
- Надминување на пречките за имплементација на политиката за развој на секторот на МСП во стопанството на Република Македонија, научен собир, декември 2004.

***Наставна активност***

Список на предмети во прв и втор циклус на студии при Економски институт - Скопје

Назив на предметот: Студиска програма:

| | |
|---|---|
| **Претприемништво и трансфер на технологии** | **Претприемништво** |
| **Комерцијално банкарство** | **Финансиски менаџмент** |
| **Управување со средства и извори** | **Финансиски менаџмент** |
| **Финансиски менаџмент и калкулации** | **Агробизнис** |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатката **д-р Неда Петроска-Ангеловска** ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, да биде избрана за насловен доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатката има наставно искуство, има завиден број научни трудови и повеќе проекти од областа на нејзината основна стручна орентација – финансиите, и пошироко од областа на економските науки.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **да ја избере д-р Неда Петроска-Ангеловска за насловен доцент по наставно-научното подрачје економски науки** на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Круме Николовски, с.р.**
**Доц. д-р Нако Ташков, с.р.**
**Доц. д-р Златко Јаковлев, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Неда Петроска-Ангеловска, насловен доцент, според критериумите за избор во звање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | | |
| 1. | Интерна скрипта од предавања | 2*4 | | 8 |
| 2. | Член на комисија за одбрана на докторат | 11*2 | | 22 |
| 3. | Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа | 25*1 | | 25 |
| 4. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра за изборниот период)<br>- часови<br>- предмети | 6*1.5<br>4*1 | | 9<br>4 |
| 5. | Одржани консултации на постдипломски студии по одржан курс | 3*1.5 | | 4.5 |
| | **Вкупно:** | **72.5** | | |
| **Ред. број** | **Вид активност** | **Поени** | | **Вкупно** |
| | | **во земјава** | **во странство** | |
| **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | | |
| 1. | Научна книга | 1*10 | | 10 |
| 2. | Дел од научна книга | 2*6 | | 12 |
| 2. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 7*1,5 | 1*2 | 12,5 |
| 4. | Одбранета докторска теза | 8 | | 8 |
| 5. | Одбранета магистерска работа | 4 | | 4 |
| 6. | Учесник во научен проект | 3*2 | | 6 |
| | **Вкупно:** | **52,5** | | |
| **Ред. број** | **Вид активност** | **Поени** | | **Вкупно** |
| | | **во земјава** | **во странство** | |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (СА+ОР)** | | | | |
| 1. | Труд во научно списание | 6*2 | | 12 |
| 2. | Труд објавен во зборник на трудови од стручен собир | 4*2 | | 8 |
| 3. | Уредник на зборник на трудови од стручен собир | 1*1 | | 1 |
| 4 | Учесник во научен проект | 3*5 | | 15 |
| | **Вкупно:** | **36** | | |
| | **Вкупно:** | **161** | | |